Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2091/13
02. 12. 2019 год.
СКОПЈЕ

**УПАТСТВО**
**за начинот на спроведување на тајното гласање**
**за избор за членови и претседател на Факултетско студентско собрание**
**на Машински факултет во Скопје**

## I. ТЕРМИН ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**5 декември 2019 година (четврток)**
**09:00 – 17:00 часот**

## II. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ГЛАСАЧИТЕ

1. Студентот пристапува кон гласачкото место и се идентификува со индекс.
2. Студентите кои немаат индекс за идентификација не можат да гласаат.

## III. ИЗБИРАЧКИ СПИСОК, ГЛАСАЧКИ ЛИВЧИЊА, ГЛАСАЧКИ КУТИИ

1. Студентот по идентификацијата се потпишува во Избирачкиот список и членот на Изборната комисија го заокружува редниот број пред името и презимето на студентот во списокот.
2. Студентот по потпишувањето добива две гласачки ливчиња - Гласачко ливче за избор на членови и Гласачко ливче за избор на претседател на Факултетското студентско собрание и му се напоменува дека треба да гласа за најмалку еден кандидат.
3. Студентот гласањето го врши тајно и се упатува да гласа зад параваните.
4. Студентот по извршеното гласање гласачките ливчиња ги преклопува и ги уфрлува во соодветната обележана гласачка кутија (Гласачка кутија за избор на членови и Гласачка кутија за избор на претседател).

## IV. ВАЖЕЧКИ ГЛАСАЧКИ ЛИВЧИЊА

1. Се гласа на тој начин што се заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот, односно на кандидатите.
2. Важечки гласачки ливчиња се оние на кои се гласало за најмалку 1 кандидат.

## V. НЕВАЖЕЧКИ ГЛАСАЧКИ ЛИВЧИЊА

1. Неважечко гласачко ливче е она на кое не се заокружени редните броеви пред името и презимето на кандидатите/кандидатот (непополнетото гласачко ливче).
2. Неважечко гласачко ливче е она на кое се внесени нови имиња.
3. Неважечко гласачко ливче е она од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат е гласано (пречкртано името, подвлечено името, реден број обележан со X, со еден круг заокружени два или повеќе редни броја).

ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Северна Македонија
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ